РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
Бр.-Nr. 04-247/12
12.05. 2026 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 12 став 2 алинеја 7 од Статутот на Националната установа, Конзерваторски центар-Скопје, член 77-ж од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор, Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување бр.04-247/11 од 11.05.2026 година, Годишниот план за вработување за 2026 година, ја донесувам следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Јавен оглас за вработување бр.01/2026**

1. Врз основа на објавениот Оглас за вработување бр.01/2026 и Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување се избира кандидатот Александар Трајковски за работното место Стручен работник за археолошко наследство, конзерватор, со шифра КУЛ 03 04 Д03 003 во Одделението за археологија и историја на уметност, Сектор за конзервација и ревитализација.
2. По конечноста на Одлуката за избор, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи Договор за вработување.
3. Одлуката за избор да се достави до кандидатот и да се објави на веб страницата и на огласната табла на НУ Конзерваторски центар-Скопје.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основ на Годишниот план за вработување на установата за 2026 година, а по претходна добиено известување за обезбедени средства од органот надлежен за издавање на финансиска согласност за пополнување на работни места, како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас и Одлуката на Уставен суд У.бр.90/2024 од 09.10.2024 година, НУ Конзерваторски центар – Скопје објави оглас за вработување на даватели на услуги, на неопределено време.

На Јавниот оглас објавен во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" и на веб страната на установата на 07.04.2026 година, целосна и уредна документација за работното место Стручен работник за археолошко наследство, конзерватор, беше доставена од еден кандидат.

Комисија за спроведување на постапката за вработување, изврши проверка на веродостојноста на доказите за исполнување на условите наведени во огласот, спроведе интервју, за што е изработен Записник бр.04-247/11 од 11.05.2026 година, кој содржи предлог ранг листа за кандидати, и истиот му го достави на вд директорот.

Врз основа на Записникот и предлогот на Комисијата за спроведување на постапката за вработување, каде што е констатирано дека пријавениот кандидат, Александар Трајковски, е единствен кандидат за горенаведеното работно место, и истиот

ги исполнува бараните услови од огласот, вд директорот го изврши изборот како во диспозитивот на оваа Одлука.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена, преку НУ Конзерваторски центар-Скопје, да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар-Скопје.

Доставено до:
- архива
- пријавени кандидати
- правна служба
- огласна табла
- веб страна на установата

**НУ Конзерваторски центар - Скопје**
**ВД Директор**
**Љиљана Китановска**
**Конзерватор-советник**

Изработил
Д.Конева, рак. на одделение